Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

SUPPORT TO ELECTORAL REFORMS
ПОДДРШКА НА ИЗБОРНИ РЕФОРМИ
MBËSHTETJE E REFORMAVE ZGJEDHORE

# ЕТИЧКИ СТАНДАРДИ ЗА САМООЦЕНУВАЊЕ

2023

Водичот е изработен во рамките на проектот „Поддршка на изборни реформи" финансиран од Владата на Швајцарија и имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Искажаните ставови, мислења и содржини во овој документ не мора да ги отсликуваат ставовите на донаторот, проектот или имплементаторот.

Намерата на овој документ е да даде придонес кон воспоставување култура на дијалог, взаемна почит и разбирање на аргументот на Другиот, со желба тој да биде секојдневен *потсетник* за она што (не) треба да направат и што не смее да заборават помладите или идните политичари и носители на јавни функции во текот на нивната политичка кариера.

Полето на делување на политичарите секогаш е поширoко од можните поведенија нормирани со закон или со друг акт. Токму ова необележано поле на делување го става политичарот пред сопствените етички дилеми и прашања. Како да делувам? Како да зборувам? Како моите дела или зборови да не му наштетат на другиот до граница да го деградираат или уништат политичкиот противник? Како преку моето делување и зборување да влијаам на општеството, а притоа да не создадам поле за раздор или нетрпеливост кои не би требало да ги има во политичкиот простор? Овие прашања и дилеми се првобитните аспекти кои би требало да го водат секој политичар кој сака да биде добар т.е. доблестен во неговото/нејзиното делување во јавната сфера.

Етичките стандарди за самооценување ги изработија алумнистите на Академијата за јавни политики (во рамките на проектот „Поддршка на изборни реформи" финансиран од Владата на Швајцарија и имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи-ИФЕС во соработка со Форум за разумни политики) како дел од дводневниот семинар на тема „Етика и интегритет во јавната сфера" одржан на 2 и 3 декември, 2023 во Штип. Основна рамка во изработката на документот беа неколку референци од светски и домашни автори кои обработуваат теми од областа на етиката, транспарентноста и отчетноста во политиката.

Иманентната потребата да се создадат вакви етички стандарди недвосмислено произлезе од три претходни заеднички средби/семинари со младите политичари-алумнисти на Академијата за јавни политики.
Нивната *жед* за нови сознанија, искрениот мотив да ги решаваат проблемите со кои се соочуваат, како и отвореноста и почитта кон Другиот, беа постојана инспирација за продлабочување на заедничките дружења и средби.

Затоа, нивниот влог во овој документ е најголем, но истовремено и најтежок, оти кај нив останува бремето за иднината.













Етичките стандарди вклучуваат пет поглавја кои ја поврзуваат етиката со политиката, притоа неисцрпувајќи ги темите, туку оставајќи простор за понатамошни дополнувања:

**I.Односи помеѓу политичарите во сопствената политичка партија;**

**II.Меѓусебни односи помеѓу политичарите (од различни политички партии);**

**III.Односи на политичарите со медиумите;**

**IV.Односи помеѓу политичарите и граѓаните/граѓанскиот сектор;**

**V.Однесување на политичарите со извршни функции во државната и јавната администрација**

## I. Односи помеѓу политичарите во сопствената политичка партија

1. Ги почитувам вредностите и принципите на кои се темели мојата политичка партија. Сепак, слободен/а сум да давам критичко мислење и очекувам такվото мислење да биде уважено и да не биде санкционирано на никаков начин.

2. За постигнување на повисока цел, се трудам секогаш да го препознавам и јавно да го поддржам општиот наспроти личниот интерес.

3. Соработувам со органите и телата на партијата за промовирање на вредностите и етичките принципи кои овозможуваат целосен развој на демократијата меѓу нејзините членови, особено помеѓу помладите членови, ранливите и маргинализираните групи.

4. Доколку имам сознанија за малверзации и/или неетички поведенија во сопствената партија, како кронизам или непотизам должен/а сум да ги предупредам надлежните партиски инстанци.

5. Фактите кои ги споделувам во рамките на сопствената политичка партија се од проверени извори и релевантни анкети.

## II. Меѓусебни односи помеѓу политичарите (од различни политички партии)

1. Кога е општ интерес во прашање, се обидувам да постигнам договор и барам компромис помеѓу различните позиции кои ги претставуваат колегите од другите политички партии.

2. Подготвен/а сум за меѓупартиска соработка за колективното добро на јавноста и јавниот интерес.

3. Несогласувањата кои ги имам, ги решавам професионално и аргументирано, без лични напади.

4. Ги почитувам приватните животи, верувањата и личните избори во животот и никогаш не го дискутирам тоа отворено во јавна дебата.

5. Негативната кампања е нужен дел од политичката борба, но таа секогаш мора да се базира на проверени факти и проверени извори. Негативна (црна) кампања базирана на лични напади и лични дисквалификации е недозволена во политичкиот ринг.

6. Фактите кои ги споделувам во меѓупартиската комуникација се од проверени извори и релевантни анкети.

## III. Односи на политичарите со медиумите

1. Користам јасен и концизен јазик преку кој споделувам релевантни информации со цел доближување до медиумите и коректен однос со нив преку редовна и професионална комуникација.

2. Ја почитувам автономијата на медиумските професионалци, без мешање, принудување или притисок врз нив.

3. Во јавните изјави секогаш избегнувам манипулација и нечесност.

4. Прифаќам критика и конструктивни предлози од претставниците на медиумите. Подготвен/а сум да се извинам доколку погрешно сум изложил/а некои факти или (не)намерно сум споделил/а дезинформации.

## IV. Односи помеѓу политичарите и граѓаните/граѓанскиот сектор

1. Информациите добиени од граѓаните/граѓанските организации ги користам етички и одговорно. Не користам чувствителни информации за лична или политичка корист.

2. Во комуникацијата со граѓаните и јавноста обезбедувам точни и транспарентни информации.

3. Фактите кои ги споделувам со граѓаните/граѓанскиот сектор се од проверени извори и релевантни анкети.

## V. Политичари со извршни функции во јавната администрација

1. Како политичар/ка со извршни функции, лично сум одговорен/а за своите постапки и транспарентно известувам за своите активности.

2. Политичката одговорност ја сфаќам исклучиво како лична морална одговорност. При тоа, подготвен/а сум да ја понесам одговорноста за сите недоследности или неправилности во рамките на мојата надлежност, вклучувајќи ги и ситуациите во кои има грубо кршење на правилата и законите од страна на моите подредени службеници.

3. Ефикасно, правично и ефективно ги администрирам јавните ресурси и јавниот имот, и истите не ги злоупотребувам за лични придобивки, придобивки на моето семејство или политичката партија.

4. При донесување важни одлуки, се консултирам со сите вклучени страни и барам совети од независни и непристрасни страни

5. Во работата се водам исклучиво од јавниот, а не од партискиот интерес.

## Референци:


Argandoña A, Bilbeny N, Camps V, Calsina M, Castiñeira À, Palazzi C, Requejo F, Ribera R, Román B, Sàez F, Seguró M, Torralba F & Vallès JM, with the support and advice of Rosamund Thomas, *Code of Ethics for Politicians*, 2012
https://www.raco.cat/index.php/rljae/article/download/281020/368677

Bliznakovski J, *Vote Selling, Party Serving and Clientelist Benefit-Seeking: Citizen Engagement in Political Clientelism in the Western Balkans* (Doctoral Thesis), Università degli Studi di Milano, Università degli Studi di Genova, Università degli Studi di Pavia, 2018/2019
https://www.researchgate.net/publication/341121617_Vote_Selling_Party_Serving_and_Clientelist_Benefit-Seeking_Citizen_Engagement_in_Political_Clientelism_in_the_Western_Balkans

Guerin B, McCrae J and Shepheard M, *Accountability in Modern Government: What are the issues?* Institute for Government, 2018
www.instituteforgovernment.org.uk/publications/accountability-modern-government-issues

Harris JD, *The ethics of resignation*, Harris Foundation for Lifelong Learning, 2021
https://jonathandavidharris.info/wp-content/uploads/2021/03/The-Ethics-of-Resignation_Report_March-2021.pdf

Liddiard Patrick, *What Can Be Done About the Problem of Political Parties?*, Wilson Center, 2019
https://www.wilsoncenter.org/publication/what-can-be-done-about-the-problem-political-parties

Singer M. Matthew, *Buying Voters with Dirty Money: The Relationship between Clientelism and Corruption*, Department of Political Science University of Connecticut, 2009
https://www.researchgate.net/publication/228128652_Buying_Voters_with_Dirty_Money_The_Relationship_between_Clientelism_and_Corruption